

# КРУЖНИ СЕЌАВАЊА
# CIRCULAR REMEMBRANCES

## Dijana Tomik Radevska
## Дијана Томиќ Радевска

**Музеј на град Скопје, Отворено графичко студио**
**Museum of the City of Skopje, Open Graphic Art Studio**

**Септември 2002 September**





Кружни сеќавања; видео инсталација, 2 видеопроекции, 2 VCR, гипсен отпечаток на лице.
Circular remembrences; video instalation, 2 videoproections,2 VCR, plaster cast of the face.

Колизијата меѓу моќта на репрезентацијата и моќта на автентичноста е изворот на онаа внатрешна тензија во секоја фотографија. Кога Дијана Томиќ-Радевска во својот најнов видео проект "Кружни сеќавања" користи фотографии од семејните албуми паралелно со видео снимки на сопственото лице таа се соочува токму со тој конфликт. Додека првото видео проектирано директно на ѕид претставува ритмичка монтажа на фотографии и графики на авторката во кои е вперен нејзиниот динамичен поглед, другата проекција претставува статична видео снимка на крупен план од нејзиниот лик проектирана врз гипсен отпечаток - автопортрет.

Спротиставеноста на фотографиите, кои според Ролан Барт немаат иднина, ги замрзнуваат времето и меморијата во граматиката на презент перфект (that-has-been), и на видео снимките на лицето на авторката, кои дури и кога се статични скоро невидливо, но постојано се движат во просторот и времето (поради природата на самиот медиум), го отвора прашањето за идентитетот. Дали личниот идентитет е кохерентна и конзистентна категорија која почнува и завршува во она 'јас', овде презентирано со директниот отпечаток од лицето на авторката, или тоа е комплексен ризом на историски, општествени, семејни и слични промени? Очигледно е дека со проектот "Кружни сеќавања" Дијана Томиќ-Радевска ја потенцира повеќеслојноста на идентитетот, но истовремено го поставува и прашањето дали себноста е идентична на нејзината претстава.

Додека отпечатокот е статичен објект солзата што протекува низ лицето на авторката проектирано врз отпечатокот - маска зборува за трансформацијата, минливоста и субверзивноста на недофатливиот идентитет. Интроспекцијата, автопсихоанализата или сондажата во различните стратуми на една личност не се и не можат да бидат доволни методи со кои ќе се комплетира приказната за репрезентацијата на идентитетот.

Сузана Милевска







The collision between the power of representing and the power of authenticity is the source of the inner tension in each photograph. When Dijana Tomik-Radevska, in her latest video project "Circular Remembrances", uses photographs from the family albums, in parallel with videos of her own face, she confronts this conflict exactly. While the first video, projected directly on the wall, shows rhythmically edited photographs and graphic prints by the artists with her dynamic look pointed towards them, the other projection shows a static video of a close-up of her face projected over a plaster cast self-portrait.



The opposition of the photographs that, according to Roland Barthes, have no future, freeze the time and the memory in the grammar of the Present Perfect (That-has-been), and on the videos that show the artist's face which, even when static, almost invisibly, yet permanently move within space and time (due to the nature of the medium Itself), poses the question of identity. Is the personal identity a coherent and consistent category that begins and ends in the "self", here presented through a discrete print of the artist's face, or is it a complex rhizome of historical, social, family and similar changes? It is obvious that in the project *"Circular Remembrances"* Dijana Tomik-Radevska points to the multi-layered aspect of the identity, yet, at the same time, posing the question of whether the selfness is identical with her presentation.

While the plaster cast is a static object, the tear that rolls down the artist's face, projected over the cast - mask, speaks of the transformation, the temporariness and subversiveness of the unreachable identity. The introspection, the self-psychoanalysis or the survey of different strata of a person are not and cannot be satisfactory methods for completing the story of the representation of identity.

Suzana Milevska

**ДИЈАНА ТОМИЌ РАДЕВСКА**

Родена 1961 во Скопје, Македонија. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1984 на отсекот Графика со Графички дизајн. Член на групата "Круг"-група уметници. Член на ДЛУМ од 1985год. Добитник на награда1995, 1996, 1997, 1998. Диплома и златен медал на галеријата "Modigliani" – Milano 1996. Витез на Академијата "Greci Marino" - Италија, на одделот за уметност. Работи како самостоен уметник и дизајнира и изработува уникатни рачно ткаени теписи.

Адреса: Народен Фронт 5/BII/57, 1000 Скопје, Македонија.
Тел/факс: ++ 389 2 125 368, 239 708
e-mail: d_tomic_radevska@yahoo.com

**DIJANA TOMIK RADEVSKA**

Born in Skopje, Macedonia, 1961. Faculty of Fine Arts, Department of Graphics and Graphic Design, Skopje BFA 1984. Member of Group "Circle"- group of ar. Member of DLUM since 1985. Award winner in 1995, 1996, 1997, 1998. Diploma and gold medal from Gallery "Modigliani"-Milano 1996. Official knight of the Accademia di Greci Marino - Italy, departement Art. Works as an independent artist in designing and producing carpets.

Atelier: Naroden Front 5/BII/57, 1000 Skopje, Macedonia.
Tel/fax : ++ 389 2 125368, 239708;
e-mail: d_tomic_radevska@yahoo.com

**Самостојни изложби: Solo Exhibitions:**

1985/86 - **Ohrid***; **Gevgelija***, **Dojran** * ,1988 - **Skopje**, The Bank (with E. Avramovska, 1992 - **Skopje**, Art Gallery "Daut Pasha Amam"; **Ohrid**,), 1995 -**Skopje**,Culturaland Information Center; **Skopje** *,**Ohrid** *, **Stip*** , **Kumanovo** * , 1996 - **Milano**, Gallery "Modigliani"; **Skopje**, The Museum of the City of Skopje*,1997 - **Mastricht**, Stenenbrug 4A *, 1998 - **Skopje**, City Museum, Interactiv Games; **Aachen**, Aktion 21 e V."*, 1999 - **Bitola**, Art Gallery; **Zagreb**, Gallery of Matica Hrvatska *, 2000 - **Fremantle**, Australija, Fremantle Art Centre;

* - with the group "CIRCLE"

**Групни изложби: Group exhibitions:**

1985-2002 - **Skopje**, 1996 - **Sofija**, International Painter Triennial ,1996 - **Paris**, Cite des Arts, 1997,2000 - **Bitola**, International Graphic Trienial,1997,98,99 - **Sint Niklaas**, Belgium, Exhibition of Ex Libris, 1997- **Sanremo**, Italy, International Exhibition of contemporary art, - **Dresden**, Open Graphic Studio,1997-2000 Skopje-Dresden, Macedonian Graphic Art, - **Sofia**, Second International Triennial of Graphic Arts, 1999 -**Valjevo**, Macedonian Artists, 2000-**Berlin**, Graphic artists from Macedonia, 2000-**Varna**, International print biennial, 2001 - **Belgrade**, Flux 01, Rex in the suburb, 2001- **Skopje**, Museum of Contemporary Art, "Quotations",2002 - **Gevgelija**, Exhibition of Ralev Fondation - Geneva Art Colony.

---

- 4 Автопсихоанализи, 2000, камера и светло Роберт Јанкулоски, монтажа Лазар Секуловски.
- Портрет, 2002, камера и монтажа Ратка Илиевска

---

- 4 Autopsychoanalysis, 2000, camera and light Robert Jankulovski, editing Lazar Sekulovski.
- Portret, 2002, camera and editing Ratka Ilievska